Агенција за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото (ИНОВА)

Јавен повик за финансирање на проекти



преку Инструментот за поддршка за зелени бизниси – поддршка за имплементација на меѓународни стандарди / сертификати

Проект „Greening Business Facility“, кофинансиран од Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија · Буџетска линија 6.1 · Реф. бр.: IPA/2021/PC-25553

Co-funded by the European Union

GREENING BUSINESS Facility

ИНОВА

Co-funded by the Government of the Republic of North Macedonia

01 · ЦЕЛ

Цел на повикот



Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија (МСП) за:

01 Поефикасно користење на енергија, вода и суровини, што ги намалува трошоците

02 Поголема доверба и репутација кај клиентите, инвеститорите и деловните партнери

03 Подобра конкурентност на домашниот и меѓународниот пазар

04 Побрза транзиција кон климатски неутрална и ресурсно ефикасна економија

05 Подобрување на одржливоста, циркуларноста и конкурентноста

06 Стратешка инвестиција за долгорочен успех и позитивен углед на претпријатието

07 Меѓународно прифатени пракси и полесно и побрзо исполнување на законските барања

02 · МЕРКИ

Што се финансира?



Мерка 1

Советодавни услуги

За подготовка на претпријатието за воспоставување, усогласување и имплементација на избраниот меѓународен стандард или шема, како и за подготовка на постапката за независно оценување — за подобра заштита на животната средина, одржливо и циркуларно работење.

до 80%

од прифатливите трошоци, но најмногу **150.000 ден.** без ДДВ

Мерка 2

Независно оценување

За оценување на усогласеноста: сертификација, валидација, регистрација или друг вид оценување за издавање на соодветен документ според правилата на конкретниот стандард или шема.

до 80%

од прифатливите трошоци, но најмногу **150.000 ден.** без ДДВ

13.500.000 ден.

вкупен буџет на инструментот за 2026 · ќе бидат поддржани помеѓу 45 и 50 претпријатија

ВАЖНО

Може да се аплицира само за Мерка 1, само за Мерка 2 или за двете заедно. Ако се аплицира само за Мерка 1, независното оценување мора да заврши во периодот на проектот.

03 · ПОДОБНОСТ

Кој може да аплицира?



- Правни лица регистрирани како микро, мали или средни претпријатија
- Активен субјект, без стечај или ликвидација и без забрана за работење
- Постои најмалку 12 месеци пред објавувањето на повикот
- Позитивен финансиски резултат во 2025 година
- Подмирени даноци, придонеси и други јавни давачки
- Не е надминат de minimis лимитот од 300.000 евра во последните 3 фискални години
- Не е корисник на грант или поддршка преку EU4EG за периодот 2022–2025

Приоритетни сектори

Земјоделство, шумарство, рибарство (Оддел 1)

Рударство | **Преработувачка индустрија**

Градежништво | **Транспорт и складирање**

Сместување и сервисни дејности со храна

1 **апликација по подносител**

Кои стандарди и шеми се опфатени?



Животна средина

ISO 14001, Carbon Trust Standard, Verra, Gold Standard, Science Based Targets / Net Zero Standard

Енергетска ефикасност

ISO 50001

Зелено градежништво

LEED, ISO 21930, EU Eco Label, BREEAM, EDGE

Еко-дизајн и производство

Cradle to Cradle, EPD, Forest Management, GOTS, OEKO-TEX

Циркуларна економија

Circular Globe Label, ISO 59005 / 59010 / 59020

Земјоделство, храна, туризам и угостителство

Green Key, Global GAP, ISO 22000, FSSC 22000, Green Globe, EarthCheck

ВАЖНО Може да бидат прифатени и други меѓународно признати стандарди/шеми, со претходно одобрување од Договорниот орган. Тогаш се оценуваат меѓународната препознатливост, врската со целите на повикот и независниот механизам за оценување.

Даватели на услуги и времетраење



Мерка 1 · давател

Правно лице со соодветна стручност, искуство, квалификуван тим и капацитет.

Мерка 2 · давател

Условите се утврдуваат според природата на конкретниот стандард или шема. Каде што е применлива акредитирана сертификација, давателот мора да биде сертификациско тело со важечка акредитација за конкретниот стандард и, каде што е применливо, за релевантниот секторски/технички опсег. Каде што не се применува акредитација, давателот доставува важечки доказ за овластување, лиценца, одобрение или друг релевантен статус според правилата на сопственикот на шемата.

Мерка 1 се спроведува

до 9 месеци

Мерка 2 се спроведува

до 3 месеци

Мерка 1 и 2 заедно

до 9 месеци

Важни напомени



01

Давателите на услуги мора да бидат правни лица, без разлика за која мерка се аплицира.

02

Давателите за Мерка 1 и 2 можат да бидат и странски правни лица.

03

Изборот го врши претпријатието — корисник на грантот.

04

Изборот се заснова на економичност, ефикасност, транспарентност и избегнување конфликт на интереси.

05

Најмалку 2 споредливи понуди; исклучок за Мерка 2 кога тоа објективно не е можно.

06

Давателот за Мерка 1 и давателот за Мерка 2 мора да бидат различни правни лица. Истиот давател не може да го воспостави системот и потоа да го сертифицира кај истиот корисник.

Прифатливи и неприфатливи трошоци



Прифатливи трошоци

- Советодавни услуги за подготовка за имплементација на избраниот стандард/шема
- Советодавни услуги за воспоставување, усогласување и воведување на барањата на стандардот/шемата
- Сертификациски услуги
- Валидација, верификација, оценување, регистрација или друга независна постапка според шемата
- Контроли, проверки и аудит поврзани со независното оценување
- Административни трошоци за издавање сертификат, потврда, регистрација, извештај или друг официјален документ

Неприфатливи трошоци

- Трошоци направени пред потпишување на договорот за поддршка
- Трошоци што не се директно поврзани со активностите од апликацијата и повикот
- Данок на додадена вредност и други јавни давачки
- Редовни оперативни трошоци на претпријатието (плати, закупнини и сл.)
- Трошоци финансирани од други извори за иста намена

Документација за апликација



01 Тековна состојба од Централниот регистар

02 Завршна сметка за 2025 година (биланс на состојба и биланс на успех)

03 Потврда за платени даноци и јавни давачки од Управата за јавни приходи

04 Документи за лична состојба и професионална способност од Централниот регистар

05 Најмалку 2 понуди по мерка

06 Акредитација или овластување на давателот

07 Изјава за подобност

08 Изјава за државна помош

ВАЖНО Апликациите се поднесуваат преку Националниот портал за е-услуги — **uslugi.gov.mk**

09 · ПОРТАЛ

Регистрација на порталот



Министерството за дигитална трансформација има воспоставено 18 центри „Една точка за услуги“ (ЕТУ):

Скопје – Центар · кеј „Димитар Влахов“ бб

Куманово · плоштад „Маршал Тито“ бб

Тетово · ГТЦ, локал 90/1, 1 кат

Битола · ул. „Столарска“ бб, Комплекс Безистен

Охрид · ул. „Димитар Влахов“ бб

Скопје – Аеродром · бул. „Јане Сандански“ бр. 70, локал 1

Јегуновце · ул. „101“ бб

Штип · ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б

Кавадарци · ул. „Благој Крстиќ“ бр. 3/2

Виница · ул. „Маршал Тито“ бр. 13

Свети Николе · плоштад „Илинден“ бб

Неготино · ул. „Маршал Тито“ бр. 192

Делчево · бул. „Методи Митевски Брицо“ к1

Прилеп · ул. „Прилепски бранители“ бр. 10

Струмица · ул. „Сандо Масев“ бр. 1

Крушево · ул. „Илинденска“ бб

Гази Баба · ул. „Методија Андонов Ченто“ бр. 81Б, Дом на култура „11 Октомври“

Кочани · ул. „Маршал Тито“ бр. 29

10 · ПРОВЕРКА

Проверка и оценување на апликациите



Сите поднесени апликации минуваат административна проверка и оценување според однапред дефинирани критериуми, во две фази:

1 Административна проверка

Дали апликацијата е комплетна и дали ги исполнува критериумите за подобност. Ја врши Комисија за административна проверка составена од вработени/ангажирани во ИНОВА.

2 Квалитативна оценка

Според критериумите за евалуација. Ја вршат Комисии за евалуација од редот на стручните лица запишани во Регистарот на стручни лица што го води ИНОВА.

Евалуација и бодирање



25	**Релевантност на апликацијата и избор на стандард**	Дали стандардот е логично поврзан со дејноста, потребите на претпријатието и целите на повикот
20	**Капацитет на подносителот**	Дали претпријатието може успешно да го имплементира проектот
30	**Очекувани резултати**	Реалниот ефект од имплементацијата на стандардот
15	**Буџет, финансиска оправданост и сопствено учество**	Дали предложениот буџет е реален и економски оправдан
10	**Ранливи категории**	Само врз основа на доставен доказ или изјава дека основачот припаѓа на една од категориите од повикот

100

поени вкупно

70

поени минимален праг

Дополнителни изјави и докази



09 · Изјава за ранлива категорија

+10 поени

Се доставува доколку основачот на претпријатието припаѓа на една од следниве категории:

- лица со посебни потреби
- жени од рурални средини
- жени претприемачки
- припадници на ромската заедница
- корисници на гарантирана минимална помош
- самохрани родители
- жртви на семејно или родово базирано насилство

10 · Доказ за давателот

Копија од важечка акредитација за конкретниот стандард и, каде што е применливо, за релевантниот опсег на сертификација.

Кога не се применува акредитација на сертификациско тело: доказ за овластување, лиценца, одобрение или друг релевантен статус според правилата на конкретната шема.

12 · ИСПЛАТА

Начин на исплата



1 Финален извештај и доказ

По доставување на финалниот извештај и доказ за успешно завршување на проектот (сертификат, потврда за валидација или верификација, регистрација или друг официјален документ) и по одобрување на извештајот од Договорниот орган, ИНОВА ја врши исплатата.

2 Банкарски извод(и)

Со финалниот извештај, корисникот доставува и банкарски извод(и) што ја потврдуваат исплатата на преостанатиот износ — сопственото кофинансирање — кон давателите на услуги.

ВАЖНО Финалниот извештај, доказ за успешно завршување на проектот (издадениот сертификат) и извод(и) од банка за извршено плаќање се доставуваат во рокот предвиден за мерката за која е одобрен проектот — не по тој период!

13 · СОВЕТИ

Клучни пораки за апликантите



1. Изберете стандард што е директно релевантен за дејноста и потребите на претпријатието.
2. Подгответе реален и оправдан буџет и обезбедете најмалку 20% сопствено учество.
3. Навреме обезбедете ги документите и понудите. Не чекајте до последниот ден!
4. Проверете ги условите за давателите на услуги и независноста меѓу Мерка 1 и Мерка 2.
5. Консултирајте се со тимот на ИНОВА доколку имате прашања!
6. Прашања на **gbf@inova.gov.mk** најдоцна 15 дена пред крајниот рок, со јасно наведен референтен број на повикот.

Прашања и одговори

Ви благодариме!



КОНТАКТ

gbf@inova.gov.mk

Co-funded by the European Union

GREENING BUSINESS facility

ИНОВА

Co-funded by the Government of the Republic of North Macedonia